20262594617

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 06/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25) и член 175 став 11 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22, 64/24, 37/25, 144/25 и 267/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СОДРЖИНАТА НА ЕДИНСТВЕНИОТ РЕГИСТАР НА СМЕТКИ

1. Во Одлуката за содржината на единствениот регистар на сметки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/23), во точката 2, зборовите: „став (7)“ се менуваат со зборовите: „став (8)“, а зборовите: „(во натамошниот текст: Законот).“ се заменуваат со зборовите: „(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22, 64/24, 37/25, 144/25 и 267/25, во натамошниот текст: Законот).“

2. Во точка 3, по потточката 3.1 се додава нова точка 4), која гласи:

„Назив на сметка.“

Насловот на потточка 3.8 се менува и гласи: „Активности на сметка/сеф“.

Точката 1) се менува и гласи:

„Основен статус на сметката/сефот;“.

4. Во ставот 2, по зборовите: „прилогот бр. 1“, се додаваат зборовите: „кој е составен дел“.

5. Прилогот бр. 1 Детална содржина на податоците и/или информациите коишто се означуваат и/или се впишуваат во ЕРС се менува и гласи:

„3.1. Сметката / сефот

1) Број на сметката / сефот
Се впишува бројот на:
1.1 Платежната сметка, којшто е конструиран во согласност со подзаконскиот акт на Народната банка за водечкиот број на давателите на платежни услуги и стандардите за конструкција на платежните сметки или е определен од страна на давателот на платежни услуги како единствена идентификациска ознака во согласност со Законот, вклучувајќи ги и единствените идентификациски ознаки на буџетските корисници (платежна сметка, уплатна сметка, приходна шифра и програма).

1.2 Сметка на која се водат паричните средства од депозитот или од кредитот којшто се користи со кредитната картичка чијшто број мора да биде единствен на ниво на давателот на платежни услуги.

1.3 Сефот за кој корисникот склучил договор за користење и чијшто број мора да биде единствен на ниво на давателот на платежни услуги.

2) Валута на сметката

Се впишува ознаката на валутата во која се евидентираат паричните средства на сметката во согласност со листата на парични единици и нивните ознаки во согласност со подзаконскиот акт на Народната банка за извршување платежни трансакции. Во случај кога на сметката се евидентираат парични средства во повеќе различни валути (мултивалутна сметка), се впишуваат ознаката "МВС" и ознаката на секоја одделна валута што се води на таа МВС.

3) Вид на сметката

1 – Платежна сметка;

2 – Платежна сметка со основни функции;

3 – Платежна сметка со основни функции за потрошувач што е корисник на законски права во согласност со Законот;

4 – Сметка на која се евидентира расположлив кредит којшто се користи со кредитна картичка;

5 – Депозитна сметка.

4) Назив на сметката

Се внесува називот на сметката доколку тоа е уредено со договор меѓу давателот на платежни услуги и имателот на сметката.

3.2. Давател на платежната услуга

Се запишува единствениот матичен број на давателот на платежни услуги кај кој се води сметката / сефот, којшто го има доделено Централниот регистар во согласност со Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.

3.3. Субјектот:

1) Единствен број за идентификација

1.1. Правен субјект

Се впишува единствениот матичен број на субјектот којшто Централниот регистар му го има доделено на правниот субјект или физичкото лице коешто извршува дејност или слободно занимање, во согласност со Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.

За нерезидентен правен субјект се впишува единствениот матичен број или друг регистрациски број на правниот субјект од валиден доказ за регистрација издаден од надлежниот орган на државата во која е регистриран правниот субјект.

1.2. Физичко лице

Се впишува единствениот матичен број на граѓанинот или странецот со регулиран престој од документ за лична идентификација којшто му е доделен од Министерството за внатрешни работи на РСМ.

За нерезидентно физичко лице се впишува единствениот матичен број или бројот за идентификација на лицето од документ за лична идентификација или друг соодветен важечки документ издаден од надлежниот орган на државата.

Единствениот идентификациски број за правен субјект кој е нерезидент или физичко лице нерезидент не е задолжителен доколку е впишан податок за даночниот идентификациски број на нерезидентот.

2) Даночен идентификациски број

За резидентите се впишува единствениот даночен идентификациски број на даночниот обврзник којшто Управата за јавни приходи му го има доделено на правниот субјект, физичкото лице или физичкото лице кое извршува дејност или слободно занимање. Единствениот даночен идентификациски број на даночниот обврзник се впишува и за нерезиденти доколку Управата за јавни приходи му го има доделено на правниот субјект, физичкото лице или физичкото лице кое извршува дејност или слободно занимање.

За нерезидентите се впишува и даночниот број од документот издаден од надлежен орган на странската држава.

Даночниот идентификациски број издаден на нерезидент од Управата за јавни приходи и/или од надлежен орган на странската држава не е задолжителен доколку е впишан податок за единствен број за идентификација на нерезидентот.

3) Датум и место на раѓање на физичкото лице

Се впишуваат датумот и местото на раѓање од документ за лична идентификација или друг соодветно валиден документ.

4) Наименување на

4.1. Правниот субјект

Се впишува скратениот назив на правниот субјект од валидна тековна состојба издадена од Централниот регистар или од валиден доказ за регистрација издаден од надлежен орган на државата во која е регистриран правниот субјект нерезидент.

Доколку во тековната состојба или доказот за регистрација не постои скратен назив, односно име, се впишува целосниот назив на правниот субјект.

4.2. Физичкото лице

Се впишуваат името и презимето на граѓанинот / странецот од документот за лична идентификација или друг соодветно важечки документ. Најпрвин се впишува името, а потоа презимето.

5) Адреса на

5.1. Правниот субјект

Се впишува адресата на седиштето на правниот субјект од валидна тековна состојба издадена од Централниот регистар или од валиден доказ за регистрација издаден од надлежен орган на државата во која е регистриран правниот субјект нерезидент.

5.2. Физичкото лице

Се впишува адресата на живеалиштето од документот за лична идентификација или друг соодветно важечки документ.

За нерезиденти физички лица се впишува и адреса на престојувалиштето во Република Северна Македонија, доколку лицето има престојувалиште во земјата.

6) Населено место

Се впишува населеното место во кое е седиштето на правниот субјект, односно живеалиштето на физичкото лице, придружено со шифра (бројчана ознака) одредена со Законот за државна статистика.

За нерезиденти се впишува населеното место на седиштето на правниот субјект, односно живеалиштето на физичкото лице и адреса на престојувалиштето во Република Северна Македонија.

7) Резидент / нерезидент

Се впишува статусот којшто се определува во согласност со Законот за девизно работење:

R – Резидент;

N – Нерезидент.

8) Државата на седиштето / живеалиштето / престојувалиштето на нерезидентот

Се впишува ознака од три знаци на државата од абецедниот попис на државите и нивните ознаки во согласност со подзаконскиот акт на Народната банка за извршување платежни трансакции со странство.

9) Категорија на субјектот

Се впишува за резиденти и нерезиденти:

0 – Физичко лице;

1 – Физичко лице самостоен вршител на дејност;

2 – Правен субјект.

10) Дејност на правниот субјект

Се впишува шифрата на дејноста во согласност со важечката национална класификација на дејности.

Не се впишува за нерезиденти, доколку не е познато.

11) Организациски облик на правниот субјект

Се впишува бројчена ознака во согласност со Законот за едношалтерски систем и за водење трговски регистар и регистар на други правни лица. Не се впишува за нерезиденти, доколку не е познато.

3.4. Поврзаноста на субјектот со сметката / сефот

1 – имател на сметката;

2 – корисник на сефот;

3 – физичко лице овластено за располагање со сметката;

4 – физичко лице овластено за користење на сефот;

5 – физичко лице вистински сопственик на сметката на правното лице или странски труст;

6 – физичко лице вистински сопственик на сефот на правното лице или странски труст.

3.5. Датуми

1) Датум на отворање на сметката / орочување / почеток на користење на сефот / почеток на важноста на овластувањето

Се впишува денот, месецот и годината од датумот на:

- отворањето на сметката;
- отворањето на депозитот;
- почетокот на користењето на сефот;
- почетокот на овластувањето.

2) Датум на достасување на орочените парични средства / истекување на користењето на сефот / истекувањето на важноста на овластувањето Се впишуваат денот, месецот и годината од датумот на:

- Достасувањето на рочноста на паричните средства;
- Истекувањето на рокот за користење на сефот којшто корисникот го договорил со давателот на платежни услуги. Доколку со договорот не е одреден датумот на истекување на договорот (договорот е склучен на неопределено време), датумот не се впишува;
- Истекувањето на важноста на овластувањето. Доколку со договорот не е одреден датумот на истекување на овластувањето (овластувањето е на неопределено време), датумот не се впишува.

3) Датум на затворање на сметката / раскинување на договорот за користење сеф / откажување на важноста на овластувањето

Се впишуваат денот, месецот и годината од датумот на:

- Затворањето на сметката;
- Раскинувањето на договорот за орочувањето на паричните средства; - Раскинувањето на договорот за сефот којшто корисникот го склучил со давателот на платежни услуги;
- Откажувањето на овластувањето.

За статустите од точка 3.8 потточка 1) алинеи 2, 3, 4 и 5 и нивната промена се впишува денот, месецот и годината на случување на активноста.

3.6. Парични средства

1) Вид

1 – по видување;

2 – орочени;

3 – од расположлив кредит којшто се користи со кредитна картичка врз основа на посебен договор;

4 – електронски пари.

2) Ознака за валутна клаузула на која се врзува евиденцијата на паричните средства:

1 – без валутна клаузула

2 – со валутна клаузула и се впишува ознаката на валутата којашто е клаузула на сметката во согласност со листата на парични единици и нивните ознаки од Одлуката за условите и постапката за отворање и затворање платежни сметки, за извршување платежни трансакции и за користење платни инструменти.

3.7. Специфичности на сметката / средствата

1) Ознака за сметката во зависност од бројот на правните субјекти или бројот на физичките лица кои заеднички остваруваат економска дејност или слободно занимање или бројот на лица на чиешто име е отворена сметката

1 – отворена на име на еден правен субјект;

2 – отворена на име на повеќе правни субјекти или на правен субјект кај кои повеќе физички лица остваруваат економска дејност или слободно занимање;

3 – отворена на име на едно физичко лице;

4 – отворена на име на повеќе физички лица.

2) Ознака за исклучок од присилна наплата

1 – паричните средства на сметката не се исклучени од присилна наплата;

2 – паричните средства на сметката во целост се исклучени од присилна наплата.

3) Ознака за намената на сметката

Се впишува ознаката за сметката чијашто намена е уредена во согласност со закон, и тоа:

1 – сметка на фондот за редовно одржување станбена зграда;

2 – сметка на резервниот фонд на станбена зграда;

3 – посебна сметка на извршителот;

4 – сметка на судот за паричните средства на судскиот депозит;

5 – сметка за математичката резерва на друштвото коешто врши осигурување;

6 – сметка на имотот на инвестицискиот фонд;

7 – сметка на имотот на отворениот задолжителен пензиски фонд и/или отворениот доброволен пензиски фонд;

8 – сметка на правното лице за кое е донесено решение од надлежен суд за одобрување на планот за претстечајна реорганизација;

9 – сметка на неактивниот субјект којшто е избришан во согласност со закон;

10 – сметка за странски донаторски проект;

11 – сметка за намени коишто не се опфатени со претходните ознаки.

4) Ознака за сметката отворена за водење стечајна постапка

1 – за сметка на правниот субјект над кој не е отворена стечајна постапка;

2 – за сметка отворена за водење стечајна постапка.

5) Ознака за заложно право на парични средства

1 – За паричните средства за кои кај давателот на платежни услуги не е евидентирано заложно право на парични средства;

2 – За паричните средства за кои кај давателот на платежни услуги е евидентирано заложно право на парични средства.

6) Бројот на следбеничка платежна сметка

При затворањето на платежната сметка се внесува податокот за следбеничката платежна сметка којашто е отворена кај давателот на платежни услуги, доколку следбеничката платежна сметка се отвора поради усогласување со подзаконскиот акт за водечки број и стандардите за конструкцијата на платежни сметки. Наведениот податок се внесува и во случај ако бројот на платежната сметка се менува поради статусна промена поделба, спојување или присоединување на давателот на платежни услуги којшто ги доставува податоците за физичките и правните лица.

7) Ознака за платежната сметка со редовни месечни примања

1 – Платежна сметка без редовни месечни примања;
2 – Платежна сметка со редовни месечни примања.
Се внесува за ознаките 1, 2 и 3 за платежните сметки од точка 3.1 потточка 3) Вид на сметката.

3.8. Активности на сметката/сефот

1) Основен статус на сметката/сефот:
1 – активирана;
2 – ограничена за одобрување;
3 – ограничена за задолжување;
4 – блокирана врз основа на присилна наплата;
5 – неажурна;
6 – затворена.

Доколку давателот на платежни услуги не располага со податоци и информации за идентитетот на имателот на сметката уредени со Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам или со други податоци пропишани со оваа одлука, сметката стекнува статус на неажурна и ограничена за задолжување, при што се внесуваат само податоците и информациите со кои располага давателот на платежни услуги.
Доколку давателот на платежни услуги не располага со податоци и информации за идентитетот на имателот на сефот уредени со Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам или со други податоци пропишани со оваа одлука, сефот стекнува статус неажурен, пришто се внесуваат само податоците и информациите со кои располага давателот на платежни услуги.
2) Активност на сметката на потрошувачот:
1 – неактивна сметка на потрошувачот во согласност со Законот;
2 – сите останати сметки на потрошувачи коишто не се опфатени со првиот статус од оваа точка.

Доколку сметката на потрошувачот е неактивна, се внесуваат само податоците и информациите со кои располага давателот на платежни услуги. “

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

Бр. 02-34579/9
29 октомври 2026 година
Скопје